# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


**Службен гласник на Општина Кисела Вода**
**Излегува по потреба**
**Рок на рекламации 15 дена**
**www.kiselavoda.gov.mk**

**21 Јуни 2010**
**Скопје**
**Број 6, година V**
**contact@kiselavoda.gov.mk**


**Скопје, Јуни 2010 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Правилник за утврдување на постапката и критериумите за доделување на признанија по повод од 55 годишнината од постоењето на Општина Кисела Вода**

1.Се објавува Правилникот за утврдување на постапката и критериумите за доделување на признанија по повод од 55 годишнината од постоењето на Општина Кисела Вода, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 18 јуни 2010 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-5080/1
21.06.2010 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Марјан Ѓорчев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), член 34 став 1 точка 36 Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр.08/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница, одржана на 18 јуни 2010 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

**за утврдување на постапката и критериумите за доделување на признанија по повод од 55 годишнината од постоењето на Општина Кисела Вода**

ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат постапката и критериумите за доделување на признанија на физички и правни лица од Општина Кисела Вода, Градот Скопје , Република Македонија и од странство, по повод од 55 годишнината од постоењето на Општина Кисела Вода, а кои придонеле за развој и афирмација на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Признанија се доделуваат на физичките и правни лица наведени во член 1 од овој Правилник, од областа на :

- науката и образованието
- културата и уметноста
- спортот
- екологијата
- здравството и
- стопанството

Признанијата за физички лица може да се доделувааат на поединци и група творци. На физичко лице признание може да му се додели посмртно.

**Член 3**

Признанијата се доделуваат во форма на плакети, признанија и спомен плакети. Признанијата на добитниците им ги врачува Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ

**Член 4**

Координативното тело врз основа на истражување и анализи за соодветната област за која се предлага доделување на признание, составува и утврдува предлог листа согласно основниот и посебните критериуми утврдени во членот 7 од истиот Правилник и истата ќе ја достави на утврдување на Комисијата за признанија и награди во Советот на Општина Кисела Вода.

За спроведување на постапката за доделување на признанијата, се формира Координативно тело составено од тројца советници избрани со Одлука од страна на Советот на Општина Кисела Вода и од вработени во општинската администрација, врз основа на Решение за формирање на Координативно тело донесено од страна на Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

**Член 5**

Постапката за доделување на признанија ја спроведува Комисијата за признанија и награди на Советот на Општина Кисела Вода, врз основа на доставените и утврдени предлози од страна на Координативното тело.

Предлогот за признанија и награди треба да биде детално образложен.

**Член 6**

Бројот на наградите и признанијата го утврдува Комисијата на Советот за признанија и награди а на предлог од Координативно тело.

КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ

**Член 7**

Основен критериум за доделување на признание за лицето е неговиот придонес за развој и афирмација на Општина Кисела Вода, што се утврдува со примена на дополнителните критериуми за секоја област поодделно и тоа:

1.Критериуми за доделување на признанија на лица што придонеле за развојот на образованието и науката :

- да има објавено стручни, односно научни трудови;
- да учествувал со сопствени трудови на научни и стручни семинари и симпозиуми во земјата и во странство;
- да учествувал во истражувачки развојни проекти;
- да бил или да е уредник, рецензент, коавтор автор на детски списанија, учебници ,

прирачници и друга стручна и научна литература;

- да бил или да е иницијатор за активности и манифестации за афирмација на образованието и науката во Општината;

2. Критериуми за доделување на признанинија на лица што придонеле за развојот на културата и уметноста :

- да се работи за истакнат уметник со постигнати значајни резултати во земјава и странство;
- да бил или да е иницијатор за активности и манифестации од областа на културата и уметноста;
- да бил или да е организатор и реализатор или учесник на самостојни или групни изложби;
- да има постигнато успеси и резултати во областа на уметноста и културата, и добиени награди и признанија во земјата и странство;

3. Критериуми за доделување на признанија на лица што придонеле за развојот на спортот:

- да бил или да е познат спортист кои постигнал врвни резултати во спортот;
- да бил или да е лице кое со својата работа го развива и потикнува спортскиот дух кај младите;
- да бил или да е тренер на клубови од Општина Кисела Вода или селектор на национални селекции;
- да бил или да е иницијатор, организатор за спортски активности или член на манифестации и спортски настани во Општина Кисела Вода;
- да бил или да е лице активен член на спортски друштва кои со својата работа придонеле за развојот на спортот во општината.

4.Критериуми за доделување на признанија на лица што придонеле за развојот на екологијата:

- да има објавено брошури, книги за значењето на чистата животна средина;
- да допринел со својата работа за почиста животна средина во Општината;
- да бил или да е иницијатор или реализатор на еколошки активности за чиста и уредена животна средина;
- да бил или да е член во еколошки друштва кои со своите активности ја зголемуваат еколошката свест кај луѓето;

5.Критериуми за доделување на признанија на лица што придонеле за развојот на здравството:

- да постигнал успеси во областа на здравството;
- да учествувал во истражувачки развојни проекти од областа на медицината;
- со својата работа да придонел за унапредување на здравството во општината и пошироко, развивајќи го и негувајќи го хуманиот дух кај младите;
- да бил или да е истакнат и ценет здравствен работник.

6.Критериуми за доделување на признанија на лица што придонеле за развојот на стопанството:

- лицето да остварило значајни финансиски резултати со претпријатието со кое раководи во последните 10 години;
- да има добиено домашни или меѓународни признанија за квалитетот на производите што се произведуваат во претпријатието со кое лицето раководи;
- да се стекнало со меѓународен стандард за квалитет на производи;
- да има добиено признанија од Стопанската комора на РМ или комората на приватните стопанственици на РМ;
- да е член во домашни и меѓународни здруженија од областа на Стопанството;
- да учествувал во презентирање и пласирање на домашните производи надвор од земјата.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

Стручните и административните работи на Комисијата ги врши Секторот за поддршка на работата на Советот на Општина Кисела Вода.

**Член 9**

Овој Правилник влегува со денот на донесувањето а Ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 07-4797/1
18 јуни 2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Звонко Спасовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за избор на членови на Советот кои ке учествуваат во работата на Координативното тело за одбележување на 55 годишнината од постоењето на Општина Кисела Вода**

1.Се објавува Одлуката за избор на членови на Советот кои ќе учествуваат во работата на Координативното тело за одбележување на 55 годишнината од постоење на Општина Кисела Вода, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 18 јуни 2010 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-5080/2
21.06.2010 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Марјан Ѓорчев с.р.

Врз основа на член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница, одржана на 18 јуни 2010 година, донесе

# О Д Л У К А

## за избор на членови на Советот кои ке учествуваат во работата на Координативното тело за одбележување на 55 годишнината од постоење на Општина Кисела Вода

### Член 1

За членови во Координативното тело за одбележување на 55 годишнината од постоење на Општина Кисела Вода се избираат 3 (три) членови на Советот и тоа:

Зоран Цветковски

Јово Крстевски

Зоран Ефремов

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 07-4797/2
18 јуни 2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Звонко Спасовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Програма за дополнување на Програмата за поставување на спомен - обележја на територија на Општина Кисела Вода за период 2008-2012 година**

1.Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за поставување на спомен - обележја на територија на Општина Кисела Вода за период 2008-2012 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 18 јуни 2010 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-5080/3
21.06.2010 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Марјан Ѓорчев с.р.

Врз основа на член 22, став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), член 34, став 1 и точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.08/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр. 13/06), член 2 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја (,,Службен весник на РМ,, бр. 66/04 од 01.10.2004) и Закон за дополненија и измени на Законот за меморијални споменици и спомен - обележја (,,Службен весник на РМ,, бр. 89/08), Одлука за усвојување на Програма за поставување на спомен обележја на територија на Општина Кисела Вода за период 2008-2012 година (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр. 13/08) и Одлука за дополнување на Програмата (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр. 08/09), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 18 јуни 2010 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за дополнување на Програмата за поставување на спомен - обележја на територија на Општина Кисела Вода за период 2008-2012 година

### Член 1

Се дополнува Програмата за поставување на спомен - обележја на територија на Општина Кисела Вода за период 2008/2012 година (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр. 13/08 и Дополнување на Програмата (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр. 08/09)

### Член 2

Дополнувањето се однесува на:

Поставување споменик на паднатите борци - бранители;
Поставување спомен - обележје на македонски војвода на коњ;
Поставување на спомен обележја - плочи на домовите на загинатите бранители;
Поставување плоча на комитата Павлески Јане Блажо
Поставување на метална плоча, посветена на Фредерик шопен;
Поставување на биста во чест на 200 годишнината од раѓањето на Фредерик шопен

### Член 3

Програмата ќе се реализира согласно Закон за меморијални споменици и спомен - обележја (,,Службен весник на РМ,, бр. 66/04), а комбинирано, со средства од:

Влада на РМ
Министерство за култура

од Град Скопје
од Општина Кисела Вода
од Полска Амбасада
од физички и правни лица
од донации од разни институции

**Член 4**

Останатиот текст од Програмата останува непроменет.

**Член 5**

Реализацијата и спроведувањето на оваа Програма ќе ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку општинската администрација.

**Член 6**

Оваа Програма влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 07 - 4797/3
18 јуни 2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Звонко Спасовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за давање согласност на Програмата за управување со комунален и други видови неопасен отпад на територијата на Општина Кисела Вода за 2010 година**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност на Програмата за управување со комунален и други видови неопасен отпад на територијата на Општина Кисела Вода за 2010 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 18 јуни 2010 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-5080/4
21.06.2010 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Марјан Ѓорчев с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ,, бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 18 јуни 2010 година, донесе

# О Д Л У К А

## за давање согласност на Програмата за управување со комунален и други видови неопасен отпад на територијата на Општина Кисела Вода за 2010 година

### Член 1

Се дава согласност на Програмата за управување со комунален и други видови неопасен отпад на територијата на Општина Кисела Вода за 2010 година.

### Член 2

Оваа Одлука да се достави до Управниот одбор на ЈКП ,,Комуналец-Кисела Вода,, Скопје.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,

Број 07-4797/4
18 јуни 2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Звонко Спасовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за утврдување Нацртот на измена и дополна Детален урбанистички план за населба "11-ти Октомври" дел од Урбан блок 2 (модул 1) Општина Кисела Вода**

1.Се објавува Одлуката за утврдување Нацртот на измена и дополна Детален урбанистички план за населба „11-ти Октомври" дел од Урбан блок 2 (модул 1) Општина Кисела Вода, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 18 јуни 2010 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-5080/5
21.06.2010 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Марјан Ѓорчев с.р.

Врз основа на член 11, член 24 став 2 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - („Службен весник на РМ„ бр. 51/05, 137/07 и 91/09), Програма за измени и дополнувања на Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2009 година („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 14/2009) и член 34 став 1 точка 6 од Статут на општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 08/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/2003), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана 18 јуни 2010 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување Нацртот на измена и дополна Детален урбанистички план за населба "11-ти Октомври" дел од Урбан блок 2 (модул 1) општина Кисела Вода

### Член 1

Со оваа Одлука се врши утврдување на Нацртот измена и дополна Детален урбанистички план за населба „11-ти Октомври“ дел од Урбан блок 2 (модул 1)

### Член 2

Планскиот опфат третиран во овој ДУП, со својата местоположба припаѓа на Општина Кисела Вода.

Локалитетот е дефиниран со следните граници:

На северо-исток: Границата на планот се движи по границата на К.О. Кисела Вода 1 и граничи со железничката пруга односно новопроектираниот бул. „Македонија“.

На северо-запад: Границата на планот продолжува по границата на К.О. Кисела Вода 1, односно по осовината на ул. „Михаил Чаков“ поминува делумно преку КП 916 и продолжува по северо-западната граница на КП 911.

На југо-запад: Границата на планот продолжува по осовината на ул. „Првомајска“.

На југо-исток: Границата на планот продолжува по осовината на ул. „Лазар Димитров“ и југо-источната граница на КП 2957 и се заокружува со границата на К.О. Кисела Вода 1.

Во рамките на овие граници, површината на планскиот опфат изнесува 4,5 ха.

Според Генералниот урбанистички план на Град Скопје на просторот во границите на планскиот опфат измена и дополна Детален урбанистички план за населба 11-ти Октомри

дел од Урбан блок 2 (модул 1) се предвидува основна намена:
- Домување во заеднички станбени објекти, со Шифра 102 означено е земјиштето за заеднички станбени објекти.
- Трговски објекти, со Шифра 911 означено е земјиштето за трговски објекти

**Член 3**

Нацртот на Деталниот урбанистички план содржи:

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. ВОВЕД-ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Местоположбак,граници и површина на планскиот опфат
Историјат на планирање и уредување на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина.

2. ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ И СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ

2.1. Природни карактеристики
2.2. Создадени вредности

3. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН

ФОНД И ВКУПНА СУПРАСТРУКТУРА

3.1. Реализација и намена на просторот
3.2. Станбен фонд
3.3. Градежен фонд
3.4. Процент на изграденост и коефициент на искористеност на просторот

4. АНАЛИЗА И МОЖНОСТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

4.1. Заклучоци од аналитичко-истражувачкиот дел
4.2. Можности за просторен развој

5. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ

6.СООБРАЌАЈ

7. ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА И ОБЈЕКТИ

8. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ:

| | |
|---|---|
| **1. ИЗВОД ОД ГУП** | **М = 1 : 1 000** |
| **2. ИЗВОД ОД ДУП** | **М = 1 : 1 000** |
| **3. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА** | **М = 1 : 1 000** |
| **4. БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ** | **М = 1 : 1 000** |
| **5. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА** | **М = 1 : 1 000** |
| **6. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | **М = 1 : 1 000** |

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Местоположба и сообраќајна поврзаност
Граница и површина на планскиот опфат
Цели и задачи на планот

ИЗВОД ОД ГУП-НА ГРАД СКОПЈЕ 2002.

ПЛАНСКА ПРОГРАМА

ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ

Поделба и обележување на планскиот опфат
Парцелација и регулација
Намена на земјиштето и градбите
Сообраќај
Комунална инфраструктура
Електроенергетска инфраструктура

4.7. Заштита на животната средина

5. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

6. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ.

Б. Графички прилози:

| | |
|---|---|
| **1. ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ, РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН, ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ** | **М = 1 : 1 000** |
| **2. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛМАНСКИ ПЛАН** | **М = 1 : 1 000** |
| **3. ПОДЗЕМНО ПАРКИРАЊЕ** | **М = 1 : 1 000** |
| **4. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | **М = 1 : 1 000** |
| **5. СИНТЕЗЕН ПЛАН** | **М = 1 : 1 000** |

**Член 4**

Се задолжува Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина да ја подготви постапката за спроведување за јавна презентација и јавна анкета.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Бр.07-4797/5
18 јуни 2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Звонко Спасовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за утврдување Нацртот на измена и дополна Детален урбанистички план населба Кисела Вода М370 локалитет 2 - опфат 8 (плански опфат помеѓу улицата Димо Хаџи Димов, улица 2 и улица 14ти Декември) општина Кисела Вода**

1.Се објавува Одлуката за утврдување Нацртот на измена и дополна Детален урбанистички план населба Кисела Вода М370 локалитет 2 - опфат 8 (плански опфат помеѓу улицата Димо Хаџи Димов, улица 2 и улица 14ти Декември) општина Кисела Вода, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 18 јуни 2010 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-5080/6
21.06.2010 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Марјан Ѓорчев с.р.

Врз основа на член 11, член 24 став 2 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - (,,Службен весник на РМ,, бр. 51/05, 137/07 и 91/09), Програма за измени и дополнувања на Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2009 година („Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 14/2009) и член 34 став 1 точка 6 од Статут на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр. 08/05 и „Службен гласник на Кисела Вода" бр. 13/2003), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана 18 јуни 2010 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување Нацртот на измена и дополна Детален урбанистички план населба Кисела Вода М370 локалитет 2 - опфат 8 (плански опфат помеѓу улицата Димо Хаџи Димов, улица 2 и улица 14ти Декември) општина Кисела Вода

### Член 1

Со оваа Одлука се врши утврдување Нацртот на измена и дополна Детален урбанистички план населба Кисела Вода М370 локалитет 2 - опфат 8 (плански опфат помеѓу улицата Димо Хаџи Димов, улица 2 и улица 14ти Декември)

### Член 2

Планскиот опфат третиран во овој ДУП, со својата местоположба припаѓа на Општина Кисела Вода.

Локалитетот е дефиниран со следните граници:

- североисток - по осовината на улицата ул1
- исток - по осовината на улицата ул. 2
- југ - по осовината на улицата Димо Хаџи Димов
- запад - по осовината на улицата 14-ти Декември

Граница на горенаведениот плански опфат е дадена во графичките прилози, а вкупната површина на планскиот опфат изнесува 1,3ха.

Согласно ГУП за градот Скопје од 2002год, на предметниот локалитет се предвидува семејно домување во станбени куЌи.

### Член 3

Нацртот на Деталниот урбанистички план содржи:

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1.Вовед.........................................................................................................
2. Географско и геодетско одредување на подрачје на планскиот опфат..........
3. Историјат на планирање и уредување на подрачје на плански опфат.............
4. Податоци за природни чинители...........................................
5. Податоци за создадени вредности и чинители...........................................
5.1 Намена на земјиште...........................................................................
5.2 СообраЌајна поврзаност......................................................................
5.3 Комунална инфраструктура..................................................................
6. Инвентаризација на изграден градежен фонд и инфраструктура...................
7. Анализа на документациона основа....................................................
8. Анализа на можностите за просторен развој...........................................
9. Извод од Генерален Урбанистички План..................................................

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1.Извод од ГУП на град Скопје .........................................................................М=1:5000
2.Извод од ДУП ...............................................................................................М=1:1000
3. Ажурирана геодетска подлога........................................................................М=1:1000
4.Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби.............................. М=1:1000
5.Инвентаризација и снимање на изграден градежен фонд и фкупна физичка супраструктура ..........................................................................М=1:1000
6.Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфратсруктура .......... М=1:1000

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Вид на план, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период.......
2. Географска и геодетска местоположба со граница на планскиот опфат.........
3. Планска програма.......................... .........................
4. Поделба и нумерација на опфати.......................... ...............................
5.Опис и образложение на планските решенија за изградба...............................
6. Инфраструктура..........................................................................................
6.1 Сообраќај
6.2 Нивелациско решенија
6.3. Хидротехничка инфраструктура
7. Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планските решенија ..........................................................
8.Мерки за заштита.........................................................................
УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА.........................................................................
Нумерички дел...............................................................................

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1.Регулационен план и план на површини за градење..........................................М=1:1000
2.План на парцелација..............................................................................................М=1:1000
3.Сообраќаен и нивелациски план............................................................................М=1:1000
4 Инфраструктурен план...........................................................................................М=1:1000
5.Синтезен план ..........................................................................................................М=1:1000

**Член 4**

Се задолжува Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина да ја подготви постапката за спроведување за јавна презентација и јавна анкета.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Бр.07-4797/6
18 јуни 2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Звонко Спасовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за донација на мазут на Општина Дојран**

1.Се објавува Одлуката за донација на мазут на Општина Дојран, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 18 јуни 2010 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-5080/7
21.06.2010 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Марјан Ѓорчев с.р.

Врз основа на член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, 8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница, одржана на 18 јуни 2010 година, донесе

# О Д Л У К А

## за донација на мазут на Општина Дојран

### Член 1

Со оваа Одлука се донираат 8.770 литри мазут на Општина Дојран, а на барање бр.08-818/2 од 09.06.2010 година упатено од страна на Општина Дојран до Општина Кисела Вода.

### Член 2

Градоначалникот на Општина Кисела Вода ќе донесе Решение за спроведување на оваа Одлука.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 07-4797/7
18 јуни 2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Звонко Спасовски с.р.

Врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр.8/2005 и `Службен гласник на Општина Кисела Вода „ бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на јавна објава**

Да се објави во Службен гласник на Општина Кисела Вода, Јавната објава бр. 12-221/11 од 10.06.2010 година, согласно член 86 од Законот за општа управна постапка, поради неможност за уредно доставување на Известувањето уп.бр.12-221/7 од 02.03.2010 година до лицето Цветановски Панче од Скопје, со последна адреса на живеење Горно Лисиче бр.5 во Скопје, како и поради неможност за уредна достава на Известувањето уп.бр. 12-221/8 од 02.03.2010 година до лицето Јовановски Васко од Скопје, со последна адреса на живеење ул. „Јане Сандански“ бр.89/14 во Тетово, како и поради неможност за уредна достава на Известувањето уп.бр. 12-221/9 од 02.03.2010 година до лицето Јовановски Темелко од Скопје, со последна адреса на живеење с.Горно Лисиче во Скопје.

Ова решение да го изврши Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина

Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Број 08-5074/1
21.06.2010 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Марјан Ѓорчев с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Уп.Бр. 12-221/11 од 10.06.2010 година
С К О П Ј Е

# ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода - Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, поради неможност за уредна достава на Известувањето уп.бр. 12-221/7 од 02.03.2010 година до лицето Цветановски Панче од Скопје, со последна адреса на живеење Горно Лисиче бр.5 во Скопје, со кое се известува согласно член 52 точка 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр. 24/08) дека овој орган на лицето Кочовски Кочо од Скопје му издаде решение за локациски услови уп.бр. 12-221/5 од 02.03.2010 година,за изградба на индивидуален станбен објект на КП бр. 3895/1 КО Горно Лисиче , заверен урбанистички проект со тех. бр. 75-2009 изработен од ЛОУ ТЕК ДООЕЛ од Скопје, согласно Одлуки на Општина Кисела Вода бр.08-115/5 од 11.03.1998 и 08-228/6 од 13.05.1998 год., Одлука бр. 07-5995/5 од 05.06.2008 год. (Сл.гласник на Град Скопје бр. 11/98), за што се повикува именуваниот најдоцна во рок од седум дена од објавата, да се обрати до овој орган (барака 3 соба 2) заради прием на Известувањето бр. 12-221/7 од 02.03.2010 година.

Општина Кисела Вода - Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, поради неможност за уредна достава на Известувањето уп.бр. 12-221/8 од 02.03.2010 година до лицето Јовановски Васко од Скопје, со последна адреса на живеење ул.`Јане Сандански“ бр.89/14 во Тетово, со кое се известува согласно член 52 точка 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр. 24/08) дека овој орган на лицето Кочовски Кочо од Скопје му издаде решение за локациски услови уп.бр. 12-221/5 од 02.03.2010 година,за изградба на индивидуален станбен објект на КП бр. 3895/1 КО Горно Лисиче , заверен урбанистички проект со тех. бр. 75-2009 изработен од ЛОУ ТЕК ДООЕЛ од Скопје, согласно Одлуки на Општина Кисела Вода бр.08-115/5 од 11.03.1998 и 08-228/6 од 13.05.1998 год., Одлука бр. 07-5995/5 од 05.06.2008 год. (Сл.гласник на Град Скопје бр. 11/98), за што се повикува именуваниот најдоцна во рок од седум дена од објавата, да се обрати до овој орган (барака 3 соба 2) заради прием на Известувањето бр. 12-221/8 од 02.03.2010 година.

Општина Кисела Вода - Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, поради неможност за уредна достава на Известувањето уп.бр. 12-221/9 од 02.03.2010 година до лицето Јовановски Темелко од Скопје, со последна адреса на живеење с.Горно Лисиче во Скопје, со кое се известува согласно член 52 точка 7 од Законот за

просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр. 24/08) дека овој орган на лицето Кочовски Кочо од Скопје му издаде решение за локациски услови уп.бр. 12-221/5 од 02.03.2010 година,за изградба на индивидуален станбен објект на КП бр. 3895/1 КО Горно Лисиче , заверен урбанистички проект со тех. бр. 75-2009 изработен од ЛОУ ТЕК ДООЕЛ од Скопје, согласно Одлуки на Општина Кисела Вода бр.08-115/5 од 11.03.1998 и 08-228/6 од 13.05.1998 год., Одлука бр. 07-5995/5 од 05.06.2008 год. (Сл.гласник на Град Скопје бр. 11/98), за што се повикува именуваниот најдоцна во рок од седум дена од објавата, да се обрати до овој орган (барака 3 соба 2) заради прием на Известувањето бр. 12-221/9 од 02.03.2010 година.

Оваа објава се смета за уредна достава во смисла на член 86 став 4 од Законот за општа управна постапка, а согласно член 85 став 2 од Законот за општа управна постапка ваквиот начин на достава се смета за уредна достава, а негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Сектор за урбанизам, комунални работи
и заштита на животната средина
Раководител
Драган Ристески д.и.а.

Врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/2005 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода " бр.13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на јавна објава**

1. Да се објави во Службен гласник на Општина Кисела Вода, Јавната објава бр. 12-14789/16 од 18.06.2010 година, согласно член 86 од Законот за општа управна постапка, поради неможност за уредно доставување на Известувањето бр.12-14789/9 од 12.04.2010 година до лицето Николовски Ѓорѓе со последна адреса на живеење ул.„Михаил Чаков" бр.3/7, Скопје, како и поради неможност за уредно доставување на Известувањето бр. 12-14789/11 од 12.04.2010 година до лицето Николовски Младен, со последна адреса на живеење ул.„Сава Ковачевиќ" бр.62/1, Скопје, како и поради неможност за уредно доставување на Известувањето бр.12-14789/15 од 12.04.2010 година до лицата Миновска Трајанка и Миновски Славко, со последна адреса на живеење ул.„Димо Хаџи Димов" бр.51-а, Скопје.

2. Ова решение да го изврши Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина .

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Број 08-5188/1
23.06.2010 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Марјан Ѓорчев с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 12-14789/16 од 18.06.2010 година
С К О П Ј Е

# ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода - Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, поради неможност за уредна достава на Известувањето бр.12-14789/9 од 12.04.2010 година до лицето Николовски Ѓорѓе од Скопје, со последна адреса на живеење ул.„Михаил Чаков" бр.3/7, Скопје, со кое се известува согласно член 52 точка 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр. 24/08) дека овој орган на лицето Георгиевски Влатко од Скопје му издаде решение за локациски услови за изградба на семејна куќа на ул.„Михаил Ефтихиј" ББ, КП 2584 КО Кисела Вода 1, под бр.12-14789/7 од 12.04.2010 година, заверен идеен проект со тех. бр. 110/08 од ноември 2008 год. изработен од „Неимар инженеринг" ДОО од Скопје, согласно ДУП за МЗ „Цветан Димов 2", Одлука бр.07-5723/1 од 30.08.2007 год.(Сл.гласник на Општина Кисела Вода бр. 10/2007г.), за што се повикува именуваната странка веднаш, а најдоцна во рок од седум дена од објавата, да се обрати до овој орган (барака 3) заради прием на Известувањето бр. 12-14789/9 од 12.04.2010 година.

Општина Кисела Вода - Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, поради неможност за уредна достава на Известувањето бр.12-14789/11 од 12.04.2010 година до лицето Николовски Младен од Скопје, со последна адреса на живеење ул.„Сава Ковачевиќ" бр.62/1, Скопје, со кое се известува согласно член 52 точка 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр. 24/08) дека овој орган на лицето Георгиевски Влатко од Скопје му издаде решение за локациски услови за изградба на семејна куќа на ул.„Михаил Ефтихиј" ББ, КП 2584 КО Кисела Вода 1, под бр.12-14789/7 од 12.04.2010 година, заверен идеен проект со тех. бр. 110/08 од ноември 2008 год. изработен од „Неимар инженеринг" ДОО од Скопје, согласно ДУП за МЗ „Цветан Димов 2", Одлука бр.07-5723/1 од 30.08.2007 год.(Сл.гласник на Општина Кисела Вода бр. 10/2007г.), за што се повикува именуваната странка веднаш, а најдоцна во рок од седум дена од објавата, да се обрати до овој орган (барака 3) заради прием на Известувањето бр. 12-14789/11 од 12.04.2010 година.

Општина Кисела Вода - Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, поради неможност за уредна достава на Известувањето бр.12-14789/15 од 12.04.2010 година до лицата Миновска Трајанка и Миновски Славко од Скопје, со последна адреса на живеење ул.„Димо Хаџи Димов" бр.51-а, Скопје, со кое се известуваат согласно член 52 точка 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр. 24/08) дека овој орган на лицето Георгиевски Влатко од Скопје му издаде решение за

локациски услови за изградба на семејна куќа на ул.„Михаил Ефтихиј“ ББ, КП 2584 КО Кисела Вода 1, под бр.12-14789/7 од 12.04.2010 година, заверен идеен проект со тех. бр. 110/08 од ноември 2008 год. изработен од „Неимар инженеринг“ ДОО од Скопје, согласно ДУП за МЗ „Цветан Димов 2“, Одлука бр.07-5723/1 од 30.08.2007 год.(Сл.гласник на Општина Кисела Вода бр. 10/2007г.), за што се повикуваат именуваните странки или нивните законски наследници веднаш, а најдоцна во рок од седум дена од објавата, да се обратат до овој орган (барака 3) заради прием на Известувањето бр. 12-14789/15 од 12.04.2010 година.

Оваа објава се смета за уредна достава во смисла на член 86 став 4 од Законот за општа управна постапка, а согласно член 85 став 2 од Законот за општа управна постапка ваквиот начин на достава се смета за уредна достава, а негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Изготвил
Љиљана Неткова д.и.а.

Сектор за урбанизам, комунални работи
и заштита на животната средина
Раководител на сектор
Драган Ристески д.и.а.

# СОДРЖИНА:

1.Правилник за утврдување на постапката и критериумите за доделување на признанија по повод од 55 годишнината од постоењето на Општина Кисела Вода;................................3

2. Одлука за избор на членови на Советот кои ќе учествуваат во работата на Координативното тело за одбележување на 55 годишнината од постоење на Општина Кисела Вода;........................................................................................................................................8

3. Програма за дополнување на Програмата за поставување на спомен - обележја на територија на Општина Кисела Вода за период 2008-2012 година;..........................................10

4. Одлука за давање согласност на Програмата за управување со комунален и други видови неопасен отпад на територијата на Општина Кисела Вода за 2010 година;................13

5. Одлука за утврдување Нацртот на измена и дополна Детален урбанистички план за населба „11-ти Октомри“ дел од Урбан блок 2 (модул 1) Општина Кисела Вода;.....................15

6. Одлука за утврдување Нацртот на измена и дополна Детален урбанистички план населба Кисела Вода М370 локалитет 2 - опфат 8 (плански опфат помеѓу улицата Димо Хаџи Димов, улица 2 и улица 14тиДекември) Општина Кисела Вода;................................................20

7.Одлука за донација на мазут на Општина Дојран;........................................................24

8.Јавна објава број 12-221/11 од 10.06.2010 година;..........................................................26

9. Јавна објава број 12-14789/16 од 18.06.2010 година.......................................................29